


**Серија imageRUNNER ADVANCE DX 6800**

# ПОВРЗЕТЕ СЕ БЕЗБЕДНО, ТРАНСФОРМИРАЈТЕ СЕ ДИГИТАЛНО

ОПТИМАЛНИ ПЕРФОРМАНСИ И БЕСПРЕКОРНО КОРИСНИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ СО ИНОВАТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ

Иднината на деловното работење е дигитална. imageRUNNER ADVANCE DX од Canon е нова генерација на паметни повеќефункционални уреди што се дизајнирани за поддршка и забрзување на сите чекори од вашата дигитална трансформација. Најсовремените технологии и софтвер создадени со ДНК на imageRUNNER ADVANCE од Canon овозможуваат дигитализирање, автоматизирање и оптимизирање на работните процеси за создавање содржини. Како и секогаш, континуирано ја усовршуваме нашата технологија за да ви овозможиме да се чувствувате безбедно и сигурно кога ги користите уредите од Canon.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX 6800 од Canon нуди брзо и сигурно печатење и скенирање, интуитивни работни процеси и ефикасна обработка на документи. Безбедните и одржливи уреди што се совршени за образовни и правни опкружувања го минимизираат времето на неактивност и трошоците за сервисирање благодарение на можноста за нивна лесна поправка. Покрај тоа, намалената потрошувачка на енергија и тивкото ракување им овозможуваат на уредите беспрекорно вклопување во хибридните работни опкружувања. uniFLOW Online Express се испорачува стандардно и нуди централизирано управување со печатењето и поврзување со Cloud што овозможува пристап до документите од секоја локација, во секое време и преку секој уред.

**ПОВРЗУВАЊЕ СО CLOUD**

**ПРОДУКТИВНОСТ**

**УСЛУЖЛИВОСТ**

**БЕЗБЕДНОСТ** Trellix

**ОДРЖЛИВОСТ**

BLI 2022 LINE OF THE YEAR — Canon Europe Ltd. BLI 2022 A3 Line of the Year

BLI 2022 - 2024 MOST RELIABLE A3 BRAND — Canon Europe Ltd. BLI 2022-2024 Most Reliable A3 Brand

BLI 2022 PICK AWARD — Canon uniFLOW Online Outstanding Cloud Output Management Solution

Canon

# Серија imageRUNNER ADVANCE DX 6800

### ПОВРЗУВАЊЕ СО CLOUD

- Софтверот uniFLOW Online Express (uFOE) е заснован на Cloud и се испорачува како стандардна опција, а нуди интегрирано решение што ќе ја зголеми безбедноста на уредот и ќе го поедностави управувањето со печатењето
- Скенирајте и печатете документи од секоја локација со напредните опции за поврзување со Cloud и со форматите за печатење што се практични за користење
- Платформата MEAP на Canon ги оптимизира процесите преку интеграција со решења за управување со снимањето и печатењето документи и различни апликации како uniFLOW Online*, AirPrint, Mopria, Universal Print од Microsoft и Canon PRINT Business

### БЕЗБЕДНОСТ

- Комбинацијата од проверка на системот при вклучувањето и софтверот McAfee Embedded Control го заштитува функционирањето на уредот од попречување на работата на фирмверот и апликациите во реално време
- Складирањето податоци во SSD и правењето резервни копии на Cloud овозможува брзо враќање на поставките на уредот
- Ажурираната TPM 2.0 (платформа со безбедносен модул 2.0) се испорачува стандардно со производот заради безбедно складирање на клучевите за шифрирање, како што се лозинките, и го заштитува уредот од надворешни напади
- Поставете проверка на идентитетот на уредот, проверка на идентитет во два чекори и ограничувања на функциите на уредот - овие безбедносни мерки може да се постават на уредот и на Cloud
- Преминете на uniFLOW Online* за да добиете побезбедно печатење, печатење од мобилни уреди и печатење во улога на корисник-гостин од секој уред

### ПРОДУКТИВНОСТ

- Брзо печатење и скенирање со брзина на печатење до 70 стр./мин. и брзина на скенирање до 270 слики/мин.
- Брзото време до излегување на првата копија го минимизира времето на неактивност на корисниците и ја зголемува продуктивноста за задачите за печатење и скенирање
- Функциите основани врз Cloud, како што е Filing Assist на uniFLOW Online*, ја забрзуваат дигиталната трансформација со автоматско пополнување на документите
- Минимална интеракција со уредот е можна преку апликацијата Canon PRINT Business или интегрираната временска линија на Home UI што овозможува поедноставување на често користените процеси и ја одржува продуктивноста со флексибилно и хибридно работење
- Функциите за спречување појава на ленти, откривање на повлекување повеќе листови и отстранување празни страници го намалуваат времето за обработка и ги подобруваат перформансите за скенирање
- Сериско скенирање на документи со различна големина и иста ширина (A3, A4, A4R и A5) е можно благодарение на поголемата поддршка за помали и мешани видови на хартија
- Подобрената завршна обработка со еко захефтување го намалува времето потребно за подготовка и управување со документите
- Нанесете** изборна антимикробна фолија на сите заеднички точки на допир за безбедно физичко ракување со уредите без нарушување на корисничкото доживување
- Користете ја дополнителната единица за моментално захефтување за да ја зголемите продуктивноста на работните процеси со захефтување максимум 50 листови и да го намалите физичкиот контакт - таа е доволно мала за да можете да ја поставите врз уредите или на маса, на секое место во канцеларијата, домот или заедничкиот работен простор

### ОДРЖЛИВОСТ

- Намалено време на работа на моторот и контролирано намалување на потрошувачката на енергија заради заштеда на енергија
- Подобрената технологија за тонер овозможува помала точка на топење, па затоа се користи помалку енергија кога уредот е активен
- Намалувањето на тежината на уредот до 43%*** ја намалува количината на материјали потребни при производството и ги намалува потребите за транспорт
- Шумот се минимизира со акустична изолација, а намалените вибрации го намалуваат звукот при работа
- Намалете ја отпадната хартија со висококвалитетно скенирање без грешки, вклучувајќи дигитална корекција на закосување и напредно стакло отпорно на дамки
- Захефтувајте без хефталки за да го направите печатењето одржливо благодарение на можноста за еко захефтување до 10 листови (A3 и A4, 52 gsm до 64 gsm)

### УСЛУЖЛИВОСТ

- Намалете ги трошоците и зголемете го времето на активна работа на уредот со иновативни подобрувања на деловите што често се менуваат како дел од нашата палета imageRUNNER ADVANCE DX што постојано еволуира
- Предвидувањето на работниот век на потрошните материјали овозможува систематско менување на деловите за да се намалат трошоците за сервисирање
- Шишињата со тонер IAP (изолација и притисок на воздух) се почисти и полесни за менување, не создаваат неред и нема потреба да повикувате сервисер
- Водичите за корисници може да ги отворите на мобилен уред преку QR-кодови на екранот на допир
- Помалата тежина на уредот го намалува времето потребно за инсталација, што значи дека корисниците ќе можат побрзо да почнат да го користат уредот

***Софтверот uniFLOW Online е достапен како претплата за уредот заснована на Cloud и нуди управување со снимањето и печатењето на документите. Во зависност од деловните потреби, корисниците можат да извршат надградба со uniFLOW Online за да добијат многу унапредени придобивки, меѓу кои и: поголема безбедност со методи за проверка на идентитетот на корисниците. Приспособени работни процеси за зголемување на продуктивноста. Намалување на отпадната хартија со издавање задачи преку уредот. Интуитивна контролна табла на Cloud за преглед на податоци во реално време. Поголема контрола врз пристапот и користењето заради намалување на трошоците за печатење.**
****препорачливо е фолијата да ја нанесе сервисер.**
*****во споредба со серијата iR-ADV DX 6700**

**ЗАБЕЛЕШКА - Одредени функции стануваат достапни само во рамки на комбинацијата од imageRUNNER ADVANCE DX и uniFLOW Online**

## БРЗИ ФАКТИ

- **Формат:** црно-бел A3
- **Капацитет за снабдување со хартија (макс.):** 6.350 листови
- **Време за загревање:** 4 секунди или помалку (режим за брзо вклучување)
- **Опции за завршна обработка:** подредување, групирање, офсет печатење, захефтување, средишно спојување, правење дупки, еко захефтување, захефтување на барање, V-превиткување, C-превиткување, Z-превиткување
- **Поддржани видови на датотеки:** PDF, EPS, TIFF/JPEG и XPS

- **Брзина на печатење:** 55-70 стр./мин. (A4)
- **Брзина на скенирање:** 270 слики/мин. (A4)

- **Јазици за печатење:** UFR II, PCL6, Adobe® PostScript 3™ (изборно)
- **Резолуција на печатење:** 1.200 x 1.200

- Врвната продуктивност е можна благодарение на брзините на печатење и иновативната технологија за скенирање што се најдобри во оваа класа
- Подобрените опции за завршна обработка и поддршката за повеќе видови хартија го подобруваат ракувањето со медиуми и квалитетот на печатење
- Работете безбедно и практично во хибридни опкружувања со функции како приспособени временски линии за корисниците и заштитна антимикробна фолија (изборна) и печатење и скенирање преку мобилни уреди со апликации како Canon PRINT Business
- Сигурноста на уредот е зголемена со подобра услужливост, брза инсталација и лесно одржување
- Автоматизираните работни процеси за скенирање, пребарување и складирање ефикасно ги дигитизираат документите со апликации како OneDrive, SharePoint, Concur, DropBox
- Софтверот uniFLOW Online Express (uFOE) основан врз Cloud помага во одржувањето на континуираната продуктивност преку хибридно работење
- Намалете го влијанието врз животната средина и пречките во работното опкружување со потивко печатење и скенирање
- Софтверот McAfee Embedded Control и другите безбедносни функции нудат потполна безгрижност и заштита од 360° што ги опфаќа документите, мрежата и уредот

## ПРИЛАГОДЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА СИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ




**Услугите за дигитална трансформација (DTS) на Canon ги обединуваат нашите врвни хардверски делови и софтвер во интегриран екосистем на технологија којшто е предвиден да ви обезбеди поддршка во вашата дигитална трансформација. Оваа понуда нуди комбинација од управувани услуги за печатење и решенија за соработка во работниот простор коишто ќе ви овозможат транспарентност и контрола врз целиот работен циклус на документите.**

**Canon Inc.**
canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V.,2022